**Народна банка на Република Македонија**

# Месечна информација

# 02/2010

март, 2010 година

СОДРЖИНА

**1. ЦЕНИ ........................................................ 3**

**1.1. Анкета за инфлациските очекувања ........................................................ 5**

**2. ПЛАТИ И ВРАБОТЕНОСТ ........................................................ 7**

**3. ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ ........................................................ 10**

**4. БИЛАНС НА ПЛАЌАЊА ........................................................ 14**

**5. МОНЕТАРНИ АГРЕГАТИ ........................................................ 19**

**6. КРЕДИТИ НА БАНКИТЕ ........................................................ 22**

**7. КАМАТНИ СТАПКИ И ДЕВИЗЕН КУРС ........................................................ 23**

**СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ ........................................................ 28**

## 1. ЦЕНИ

Тримесечниот тренд на постојано зголемување на **потрошувачките цени** продолжи и во февруари 2010 година, кога општото ниво на цените забележа пораст на месечна основа од 0,4%. Ваквото движење на цените на месечна основа е резултат главно на порастот на цените во прехранбената компонента на индексот, односно на сезонскиот пораст на цените на свежиот зеленчук, надополнето со повисоките цени на свежото овошје и свежата риба. Покрај прехранбената компонента, нагорно движење на цените имаа и нафтените деривати, додека позабележителен пад беше забележан кај цените на услугите за образование и развој. **На годишна основа,** позитивната стапка на инфлација од 0,1% во јануари се засили и достигна 0,6% во февруари 2010 година. Ваквиот раст на цените се објаснува со позитивниот придонес на нафтените деривати, поради базниот ефект (ниското ниво на цената на суровата нафта од минатата година) и на повисоката цена на електричната енергија. Во првите два месеца на 2010 година, збирната стапка на инфлација изнесува 0,3%.

Во февруари 2010 година, **базичната инфлација**[1] (инфлација без храна и енергија) е негативна на годишна основа и изнесува -0,2% (-0,3% во претходниот месец), Минималната промена се должи главно на забавувањето на падот на цените на сообраќајните средства. Остварувањата кај базичната инфлација во првите два месеца од 2010 година претставуваат значително забавување на негативниот тренд, којшто се појави кон крајот на 2009 година.

Графикон 1
Вкупна и базична инфлација
(годишни стапки, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

**Благото засилување на годишната инфлација во февруари (0,6%), наспроти очекувањата дека таа ќе се задржи на непроменето ниво, како и позитивната годишна**

[1] Пресметките се правени според новите пондери. ДЗС во јануари 2010 година изврши редовно усогласување на пондерите во ценовниот индекс, при што пондерот на категоријата исхрана е намален за 2,0 процентни поени.

**инфлација од 0,1% во јануари, ја зголемуваат веројатноста за минимално позитивни остварувањата кај годишната инфлација во првиот квартал на 2010 година (за првиот квартал на 2010 година е проектирана годишна стапка на инфлација од -0,2%).** И натаму главна причина за ваквото можно отстапување во однос на проекцијата е ревизијата во учествата на категориите во ценовниот индекс за 2010 година, којашто се одразува и врз податоците за 2009 година.

По месечното зголемување од 2,3% во јануари, просечната **цена на нафтата „брент“** во февруари 2010 година повторно се намали за 2,7% на месечна основа, сведувајќи се на нивото од декември 2009 година, кога цената се движеше околу 74 САД-долари за барел. Намалувањето на цената на нафтата главно се должи на податоците објавени од Бирото за труд на САД за раст на бројот на нови пријави за невработеност, како и од податоците за зголемување на залихите на нафта во САД објавени од Американската управа за информации за енергетиката. Меѓутоа, во првите две недели на март (од 1. до 12.), цената на нафтата достигна повисоко ниво и се движеше околу 78,7 САД-долари за барел, со што забележа раст од 4,1% во однос на претходниот двонеделен период (главно поради податоците за помал број нови пријави за невработеност во САД, објавениот податок од Меѓународната агенција за енергија за висок годишен раст на потрошувачката на нафта во Кина во јануари, како и подобрувањето на економските движења. Согласно со растот на цената на нафтата и стабилното движење на девизниот курс на денарот во однос на САД-доларот, на 15. март Регулаторната комисија за енергетика донесе одлука за зголемување на рафинериските и на малопродажните цени на нафтените деривати за 4,4% и 3,2%, соодветно. Во последните денови, цената на нафтата се движи околу 77 САД-долари за барел.

Графикон 2
Движење на цената на нафтата „брент“ за барел




Извор: Управа за информации за енергетиката (The Energy Information Administration) - статистичка агенција на Министерството за енергетика на САД.

По месечниот пад од 0,8% во јануари, во февруари 2010 година нивото на **потрошувачките цени во евро-зоната** повторно се зголеми за 0,3%, во споредба со

претходниот месец. Зголеменото месечно ниво на цените е резултат на повисоките цени на пакет-аранжманите, на облеката и на зеленчукот, додека позабележителен месечен пад имаа цените на горивата за транспорт. Годишната стапка на инфлација во евро-зоната во февруари изнесуваше 0,9% (1,0% во јануари), под влијание на базните ефекти на цените на горивата за транспорт (заради ниската цена на суровата нафта во претходната година) и на повисоките цени на тутунот, додека позначителен годишен пад имаа цените на гасот.

Графикон 3
Годишни стапки на инфлација и цени на исхрана во евро-зоната и во Македонија
(во %)




Извор: Еуростат и ДЗС.

## 1.1. Анкета за инфлациските очекувања

Според Анкетата за инфлациските очекувања, спроведена во февруари 2010 година[2], најголем дел од испитаниците (49%) очекуваат дека годишната стапка на инфлација на крајот на **првото тримесечје на 2010 година** ќе биде повисока од јануарското ниво од 0,1%, нешто помал дел (47%) сметаат дека инфлацијата ќе остане непроменета, а 4% очекуваат таа да се намали. Од аспект на очекувањата по одделни групи испитаници, значителен дел (78%) од ***аналитичарите*** сметаат дека инфлацијата ќе биде повисока, а преостанатите аналитичари очекуваат дека таа да се задржи на постојното ниво. Исто така, најголем дел (83%) од ***банките*** сметаат дека инфлацијата ќе се зголеми, а останатиот дел смета дека таа ќе остане непромената. Кај ***претпријатијата***, очекувањата на најголемиот дел (60%) се дека инфлацијата ќе остане на јануарското ниво, 34% очекуваат зголемување, а 6% очекуваат пад. *Очекуваната стапка на инфлација за март 2010 година, врз основа на резултатите од анкетата, изнесува 0,3%.*

[2] Анкетата имаше одзив од 64,4%, односно на анкетата одговорија 47 од 73 испитаници. Гледано по субјекти, највисок одзив имаше кај банките (86%), потоа кај економските аналитичари (69%), а најмал кај претпријатијата (60%).

Графикон 4

Распределба на одговорите за инфлациските очекувања по групи испитаници

*за првото тримесечје на 2010 година*




*за целата 2010 година*




Извор: НБРМ, Анкета за инфлациски очекувања.

Што се однесува до **целата 2010 година**, повеќе од половина од испитаниците (57%) очекуваат дека просечната стапка на инфлација ќе биде повисока од остварената во јануари (0,1%), стабилни инфлациски очекувања, односно дека инфлацијата ќе остане на јануарското ниво имаат 21% од испитаниците, а 17% сметаат дека движењето на инфлацијата во 2010 година тешко може да се процени. Притоа, две третини од ***аналитичарите*** сметаат дека инфлацијата ќе порасне, а другата третина дека инфлацијата ќе остане стабилна до крајот на годината. Скоро сите анкетирани ***банки*** (83%) сметаат дека инфлацијата ќе се зголеми во однос на јануарското ниво, а преостанатиот дел не може да даде оцена. Половина од ***претпријатијата*** сметаат дека инфлацијата за целата 2010 година ќе биде повисока од јануарската, 22% сметаат дека ќе остане непроменета, а исто толкав процент сметаат дека е тешко да се определи, додека останатиот дел очекуваат дека ќе биде пониска. *Економските субјекти очекуваат дека просечната стапка на инфлација во 2010 година ќе изнесува околу 0,7%.*

Графикон 5

Очекувања за просечната стапка на инфлација до крајот на година и остварена просечна инфлација во тековниот квартал (во %)




Извор: НБРМ, Анкета за инфлациските очекувања и ДЗС.

Како најчесто потенцирани фактори, коишто влијаат во насока на позитивни очекувања кај економските субјекти се очекувањата за излез од глобалната рецесија и заживување на глобалната економија, порастот на цената на електричната енергија, порелаксираната монетарна политика и очекувањата за полесен пристап до финансиски средства. Како фактори коишто условуваат очекувања за стабилни цени се наведуваат бавното закрепнување на глобалната економија и задржувањето на светските цени на енергентите на стабилно ниво.

## 2. ПЛАТИ И ВРАБОТЕНОСТ

По намалувањето во претходниот месец, **нето и бруто-платите** во декември 2009 година повторно забележаа раст. Притоа, просечната нето-плата забележа највисок номинален месечен раст во годината од 2,8%[3] (реален раст од 1,8%), како резултат на порастот на платите во услужниот сектор (4,7%), наспроти падот на платите во земјоделството и индустријата (-3,8% и -0,9%, соодветно). Анализата по гранки укажува на значително месечно зголемување на нето-платите во транспортот и телекомуникациите (18,5%), а значителен раст бележат и платите во преработувачката индустрија, во финансискиот сектор и во секторот со недвижности (од 6,4%, 5,9% и 5,5%, соодветно). Слична динамика е забележана во движењето на просечната **бруто-плата**, којашто оствари номинален и реален месечен раст од 2,6% и 1,6%, соодветно.

Графикон 6
Годишни стапки на раст кај платите* и инфлацијата
(во %)




* Од јануари 2009 година, прикажани се коригираните стапки на раст.
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на НБРМ.

**На годишна основа**, просечните нето и бруто-плати, коригирани за структурната промена[4] бележат пораст, но со намален интензитет. Така, во декември годишниот

---
[3] Високиот месечен пораст произлегува од исплатата на бонуси во одредени дејности на крајот на годината.
[4] Корекцијата е направена од страна на Дирекцијата за истражување при НБРМ, на тој начин што е претпоставено дека платата во декември 2008 година е на ниво на платата во јануари 2009 година, а за месеците наназад (пред декември 2008 година), овој износ се коригира за месечните промени на платите објавени од ДЗС. Со оглед на тоа што историските

номинален пораст кај просечната нето и бруто-плата изнесува 4,4% и 3,5%, соодветно (реален раст од 6,1 и 5,1%, соодветно). Од аспект на одделните дејности, највисок годишен пораст на нето-платите во декември е забележан кај транспортот и телекомуникациите (26,0%) и преработувачката индустрија (10,4%), а најнизок кај здравството (0,2%). Намалувањето на платите во јавната управа и одбрана и во трговијата продолжува и во декември (пад од 3,0% и 2,3%, соодветно), а пад е забележан и кај платите во земјоделството и угостителството (за 4,3% и 2,3%, соодветно).

Графикон 7
Просечна нето-плата по сектори*
(годишни промени, во %)
номинална промена реална промена




* прикажани се коригираните стапки.
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на НБРМ.

Поместувањата на пазарот на работна сила и во четвртиот квартал од 2009 година се во насока на намалување на стапката на невработеност. Според податоците од Анкетата за работната сила, во последното тримесечје, бројот на невработени лица забележа намалување за 2,4% во споредба со истиот период од претходната година. Притоа, во услови на зголемување на вкупното активно население (од 0,8%), **стапката на невработеност** се сведе на 32,4%, што претставува годишно намалување од 1,1 процентен поен. Наспроти тоа, бројот на вработени лица забележа годишен пораст од 2,3%, што во услови на пораст на работоспособното население од 0,6% придонесе **стапката на вработеност** да достигне 37,9% (пораст за 0,6 процентни поени). Сепак, на квартална основа, бројот на вработени лица е намален за 3,1%, односно за 0,7% според податоците прилагодени за сезонските влијанија, што претставува надолно придвижување за првпат од почетокот на кризата.

месечни стапки на раст за месец јануари не укажуваат на изразена сезонска динамика, како и со оглед на тоа што во јануари 2009 година немаше позначителни зголемувања на платите, ваквиот пристап има оправданост.

Графикон 8

| | |
|---|---|
| Стапка на вработеност и стапка на невработеност (во %) | Број на вработени и невработени лица |







Извор: Државен завод за статистика, Анкета за работната сила.

Анализирано по дејности, најголем придонес за зголемениот број вработени, на годишна основа, имаат трговијата (1,2 п.п.), а потоа следуваат порастот на вработеноста во дејноста „други услужни активности“ и во образованието (0,8 п.п. и 0,7 п.п., соодветно). Сепак, ефектите од глобалната рецесија сé уште се чувствуваат во дел од преработувачките индустрии, особено во текстилната индустрија, како и во дрвната индустријата, каде што е забележано намалување на бројот на вработените лица, што соодветствува и со намаленото производство. Од друга страна, продолжува порастот на вработеноста во металната индустрија започнат во претходниот квартал, главно заради зголемената вработеност во дејноста „производство на метални производи во металопреработувачката фаза“, којашто во текот на втората половина на 2009 година бележеше високи стапки на раст на производството. Анализата од аспект на вработеноста во приватниот и јавниот сектор[5] укажува на речиси еднаков придонес на двата сектора во порастот на вработеноста. Така, приватниот сектор создава 1,2 п.п. од вкупниот годишен пораст на вработените лица, додека јавниот сектор придонесува со 1,1 п.п.

[5] Вработените во јавниот сектор се однесуваат на вработените во јавната управа и одбрана; задолжителната социјална заштита, јавното образование, јавното здравство и социјалната работа и други комунални, културни, општи и лични услужни активности. Притоа, податокот е изведен од вработените во овие дејности, во деловни субјекти во општествена, мешовита, задружна и државна сопственост и оттука претставува само приближен показател на бројот на вработените во јавниот сектор.

Графикон 9
Придонеси на одделните сектори кон порастот на вкупниот број на вработени лица во четвртото тримесечје 2009 година
(во процентни поени)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на НБРМ.

## 3. ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ

**Индустриското производство во јануари забележа висок месечен пад од 36,2%, што претставува вообичаена сезонска промена, заради поголемиот број неработни денови во овој месец. Сепак, забележаниот пад е највисок во изминатите 17 години и во овој период индустријата забележала месечен пад од над 30% само во два наврати.[6] Во прилог на ова говорат и податоците прилагодени за сезонските влијанија, според кои обемот на индустриското производство бележи висок месечен пад од 13,4%.** Падот, во најголема мера, се должи на дејноста којашто во изминатиот период најмногу придонесуваше за растот на индустриското производство - производството на метални производи. Обемот на производство кај оваа гранка во јануари беше помал за 92,5% во однос на претходниот месец. Под влијание на сезонскиот ефект, кај дваесет и една од вкупно дваесет и четирите дејности имаше намалување на производството, додека пораст е остварен единствено кај енергетскиот сектор, производството на нафтени деривати и рециклажата.

**Во однос на истиот месец од претходната година, индустриското производство во јануари 2010 година бележи намалување за 2,9%, при пад на производството во петнаесет од вкупно дваесет и четири дејности (43,5% од индексот).** Најзначителен пад во јануари има кај производството на метални производи (придонес од -5,3 п.п.), кај печатењето (придонес од -2,8 п.п.) и кај производството на електрични машини и апарати (придонес од -2,5 п.п.). Од друга страна, зголемен обем на производство во јануари имаат основните метали (придонес од 5,3 п.п., пред сѐзаради ниската споредбена основа од претходната година) и електричната енергија (придонес од 2,9 п.п.).

[6] Во периодот 1993-2009 година, индустриското производство во јануари бележи просечно месечно намалување од 23%, при што во 80% од случаите падот надминува 20%, а само во 2005 и 2006 година падот надминува 30%.

**Остварувањата кај индустриското производство се во согласност со оцените на раководителите од преработувачката индустрија[7],** коишто деловната состојба во јануари ја оценуваат како полоша во однос на претходниот месец. Влошување се забележува и кај процентот на искористување на капацитетите, додека оцените за идното производство се поповолни.

Графикон 10
Индекс на индустриско производство
(месечни нивоа, 2005=100)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

**Кај останатите сектори од економијата, податоците за декември укажуваат на подобрување кај трговијата и на влошување кај градежништвото и телекомуникациите.** Така, прометот во трговијата има месечен раст од 19,3%, пред сé под влијание на сезонскиот ефект. Сепак, раст се забележува и кај податоците прилагодени за сезонските влијанија (5,3%), според кои трговијата веќе пет месеци по ред бележи позитивни месечни промени. Оцената за подобрената состојба кај трговијата се потврдува и со годишната стапка на раст, којашто изнесува 12,5%. За разлика од трговијата, градежната активност - следена преку вредноста на извршените градежни работи - втор месец по ред забележува месечен пад (за 1,9%, односно за 14,1% според податоците прилагодени за сезонските влијанија). Влошувањето на состојбата е воочлива и од годишната стапка на пад на извршените градежни работи (9,5%). Мало влошување се забележува и кај телекомуникациите, коишто иако имаат месечен раст од 7,3%, според податоците прилагодени за сезонските влијанија бележат пад од 0,3%. На годишна основа, сообраќајот во телекомуникациите бележи минимален раст од 0,2%, што е всушност најниска стапка на раст во последните три години.

[7] Од Анкетата за деловните тенденции во преработувачката индустрија на ДЗС од февруари 2010 година.

Графикон 11

Годишни стапки на раст кај одделни сектори од економијата

(во проценти)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРМ.

**Вредноста на објектите за коишто се издадени одобренија за градење во јануари е пониска за 46,5% во споредба со истиот месец од претходната година, што укажува на веројатно понатамошно влошување на состојбата во градежништвото.** Пад се забележува кај сите три категории - високоградбата, нискоградбата и реконструкцијата.

**Индикативните категории за личната потрошувачка укажуваат на мало подобрување кај потрошувачката во последниот квартал на 2009 година.** Така, реалниот годишен пад кај трговијата на мало е забавен на 0,8% (во споредба со 3,7% во претходните два квартала), слично како и падот кај увозот на стоки за потрошувачка (од 8% во вториот и третиот квартал, на 4,5% во четвртиот), додека приходите од ДДВ во буџетот имаат висок раст од 20,3% (пред сé заради ниската споредбена основа). Единствено падот кај домашното производство на стоки за потрошувачка бележи натамошно продлабочување, од 2,7% во претходните два квартала, на 8,3% во четвртиот квартал. **Подобрување во четвртото тримесечје се забележува и кај инвестициската побарувачка**. И покрај влошувањето кај увозот на средства за работа, чијшто пад во четвртото тримесечје е продлабочен на 19,7% (од 9,7% во претходните две тримесечја), засилување на растот имаше кај извршените градежни работи, од 14,8% во второто и третото тримесечје, на 22,9% во четвртото, додека забавување на падот има кај домашното производство на инвестициски добра од 29,7%, колку што изнесуваше во претходните два квартала, на 6,8% во четвртиот. Во услови на позитивен, иако намален,

придонес на нето-извозот и веројатен висок реален пад на јавната потрошувачка, заради високиот пад кај трошоците за стоки и услуги од 43,6%, **се оценува дека економската активност во последниот квартал од годината бележи мало подобрување во однос на претходните три квартали, што е во согласност со јануарската проекција.**

**Јануарските податоци за индикативните категории за личната потрошувачка засега не укажуваат на заживување на потрошувачката во првото тримесечје на 2010 година.** Така, приходите од ДДВ во буџетот имаат висок реален годишен пад од 31%, највисок во последните две години. Во исто време, негативните движења кај увозот и домашното производство на стоки за потрошувачка продолжуваат со слична динамика и во јануари (реален годишен пад од 3,7% и 5,7%, соодветно). Во првото тримесечје на 2010 година, на **значително влошување кај инвестициската активност** упатуваат високите стапки на реален годишен пад кај увозот и домашното производство на капитални производи во јануари, од 50% и 40%, соодветно. Оцената за **јавната потрошувачка** во првото тримесечје на 2010 година засега е несигурна, имајќи го предвид силниот реален годишен раст во јануари на расходите за плати и за стоки и услуги од буџетот, од 11,2% и 55,4%, соодветно, во отсуство на податоци за останатите компоненти. **Позитивен придонес кон растот на БДП во првото тримесечје може да се очекува и од нето-извозот,** заради стеснувањето на дефицитот во надворешнотрговската размена во јануари, при раст на извозот (за првпат во последните 15 месеци) и натамошен пад на увозот. Заживувањето во извозниот сектор може да се протолкува како позитивен сигнал за постепено закрепнување на економијата, имајќи предвид дека токму во овој сектор беа почувствувани првичните удари од глобалната криза.

Графикон 12
Движења на индикативните категории за расходните компоненти на БДП

Лична потрошувачка, годишни реални промени
(во %)




Бруто-инвестиции, годишни реални промени
(во %)




Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Движења на индикативните категории за расходните компоненти на БДП

Расходи од буџетот, годишни реални промени
(во милиони денари, по цени од 2007 година)




Нето-извоз, годишни номинални промени
(во милиони денари, по тековни цени)




Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

**Расположливите податоци за индикативните категории за првото тримесечје на 2010 година засега не упатуваат на поголеми промени во текот на економската активност, иако е тешко да се извлечат попрецизни оцени врз основа на податоци за само еден месец.** Според проекциите од јануари, за првото тримесечје на 2010 година е проектиран мал раст на БДП од 0,4%.

## 4. БИЛАНС НА ПЛАЌАЊА

**Во 2009 година, дефицитот на тековната сметка на билансот на плаќања изнесуваше 483,3 милиони евра, или 7,4% од БДП и во однос на 2008 година забележа значително подобрување, односно стеснување од 5,8 п.п. од БДП.** Силното намалување на негативниот јаз на тековната сметка првенствено се должи на стеснувањето на негативното салдо во размената на стоки со странство за 3,3 п.п. од БДП, при истовремен раст на нето-приливите врз основа на тековни трансфери (чијшто придонес изнесува 2,1 п.п. од БДП). Од останатите компоненти на тековната сметка, во насока на стеснување на негативниот јаз делуваше и зголемениот годишен суфицит во рамки на услугите, додека кај подбилансот на доход не беше забележана промена на годишна основа.

**Во рамки на капиталната и финансиска сметка, во 2009 година, како последица на светската економска криза и воздржаноста од нови вложувања од страна на странските инвеститори, капиталните приливи бележат пад од 33% на годишна основа и изнесуваат 8,2% од БДП.** Притоа, најголемиот дел од нето-приливите потекнуваат од странски директни инвестиции (претежно акционерски капитал и меѓукомпаниски долг), трговски кредити и приливи од втората издадена еврообврзница. Кај задолжувањето во странство на нето-основа, е забележано значително годишно намалување на забележаните приливи. Имено, во услови на стабилно ниво на отплатени обврски врз основа на долгорочни кредити, намалените користени средства се резултат главно на намаленото задолжување на приватниот сектор[8] во странство. **Нето-приливите во капиталната и финансиска сметка овозможија целосно покривање на остварениот дефицит на тековната сметка во 2009 година и дополнителен пораст на девизните резерви. Генерално, позицијата на билансот**

[8] Во рамки на приватниот сектор спаѓаат: банките и останатите сектори, вклучувајќи ги и јавните претпријатија.

**на плаќања во 2009 година соодветствува со најновата процена, направена во рамки на проекцијата од јануари 2010 година.**

Графикон 13
Дефицит во тековната сметка и нејзините основни компоненти (% од БДП)



2009*: проценка за 2009 година, според Проекција Јануари 2010 година.
Извор: НБРМ.



2009*: проценка за 2009 година, според Проекција Јануари 2010 година.
Извор: НБРМ.

**Во последното тримесечје на 2009 година, негативното салдо во рамки на тековната сметка изнесува 140 милиони евра, што претставува значително намалување од 65,1% на годишна основа (во споредба со дефицитот од 401,2 милиона евра во четвртиот квартал на 2008 година).** Со придонес од 51%, нето-приливите од тековните трансфери претставуваа главен фактор за стеснувањето на дефицитот на тековната сметка. Имено, во последните три месеци од годината, во услови на стабилизирани очекувања, приватните трансфери остварија годишен пораст од 58,6%. Се очекува дека поволните движења кај приватните трансфери ќе продолжат и во наредниот период. Имено, според најновите податоци од менувачкиот пазар, во првите два месеци на 2010 година, нето-откупот на менувачкиот пазар (основен елемент на приватните трансфери) изнесува 106,5 милиони евра, односно бележи годишна стапка на пораст од 92,7% во однос на истиот период од 2009 година. Значителен придонес во стеснувањето на дефицитот на тековната сметка има и намалувањето на нето-одливите во рамки на подбилансот на доход.

Графикон 14
Дефицит во тековна сметка и основни компоненти по квартали (% БДП)




Кв.4*: проценка за последниот квартал од 2009 година.
Извор: НБРМ.




Кв.4*: проценка за последниот квартал од 2009 година.
Извор: НБРМ.

**Финансирањето на дефицитот на тековната сметка во четвртиот квартал на 2009 година во целост беше извршено преку нето-приливите на капиталната и финансиска сметка (185,8 милиони евра, коишто сепак на годишна основа забележаа пад од 4,5%).** Капиталните приливи во најголем дел потекнуваат од трговските кредити, странски директни инвестиции и задолжување во странство. Кај странските директни инвестиции, главна ставка е меѓукомпанискиот долг, односно зголемените обврски кон странските директни инвеститори, додека за заемите се карактеристични повисоките повлечени износи врз основа на краткорочни кредити.

**Во *јануари* 2010 година, надворешнотрговската размена забележа месечен пад од 28,4%, што претставува највисока негативна стапка на промена од февруари 2006 година наваму.** Ваквиот пад во размената на стоки со странство произлегува пред сé од значителниот пад на увозот, додека намалувањето на извозот беше послабо. На годишна основа, намалувањето на размената на стоки со странство изнесува 6,9%, што во целост произлегува од пониската увозна побарувачка за 16,1%, додека извозот на стоки забележа раст од 14,9% (главно поради ниската споредбена основа во јануари 2009 година). Оттука, стапката на покриеност на увозот со извоз достигна 58,4% и забележа годишен раст од 15,8 процентни поени.

Графикон 15

Вкупна вредност на размената на стоки (извоз и увоз)

(во %, 2006=100)




Извор:ДЗС.

Во првиот месец од годината, *увозот* на стоки изнесува 224,1 милион евра, бележејќи месечен пад од 31,4%, што претставува највисок забележан пад во последните четири години. Намалувањето на увозот на машини и транспортни уреди, текстил и предива, хемиски производи и на нафта и производи од нафта во најголем дел ја објаснува месечната динамика на увозот на стоки. Во споредба со јануари 2009 година, увозот е понизок за 16,1%, што во најголем дел е одраз на понискиот увоз на машини и транспортни уреди и електрична енергија. Притоа, пониската цена, како и зголеменото производство на електрична енергија од домашни извори и следствено, пославата побарувачка за увоз на овој енергент, се факторите за остварувањето понизок увоз на електрична енергија за 60,5%. Од друга страна, зголемен увоз е забележан кај категориите железо и челик за 39,5% на годишна основа и увозот на нафта и производи од нафта, при повисока цена на нафтата (за 67,8%).

Графикон 16

Придонес во месечната и годишната промена на увозот на одделни главни категории од СМТК (во процентни поени)




Извор:ДЗС.

Во јануари 2010 година, *извозот* забележа месечен пад од 22,7%, во најголема мера, како резултат на намалениот извоз на железо и челик, медицински и фармацевтски

производи и облека, додека месечен раст е забележан кај извозот на тутун. По постојаното годишно намалување во текот на 2009 година, извозот на стоки во јануари 2010 година забележа годишен пораст од 14,9%. Двигатели на ваквата годишна динамика на извозот се зголемената вредност на извозот на железо и челик, а потоа и на извозот на метална руда и метални отпадоци и на тутун и преработки од тутун, што соодветствува и со повисокото производство во овие сегменти. Притоа, во услови на поволно движење на цената на никелот, најголем дел од остварениот пораст на извозот на железо и челик во јануари 2010 година е резултат на зголемениот извоз на фероникел. Нафтата и нафтените деривати, исто така, имаат позитивен придонес во зголемувањето на извозот, којшто произлегува од нивната повисока цена.

Графикон 17
Придонес во месечната и годишната промена на извозот на одделни главни категории од СМТК (во процентни поени)




Извор:ДЗС.

Во услови на посилно надолно прилагодување на увозот од извозот на стоки, во јануари 2010 година трговскиот дефицит се намали за 63,9 милиони евра, на месечна основа, или за 40,7%. Ваквата промена, во најголема мера е предизвикана од намалениот дефицит во размената на машини и транспортни уреди, текстил и предива и зголемениот суфицит кај тутун и преработки од тутун. На годишно ниво, трговскиот дефицит бележи намалување од 39,2%, со најголем придонес на подобрувањето на размената на машини и транспортни уреди. Значителен придонес за намалување на негативниот јаз кај стоките имаше и подобреното салдо во размената на електрична енергија, заради پонискиот увоз овој енергент. Анализата на останатите салда по производи посочува на зголемување на суфицитите кај металната руда и металните отпадоци, тутунот и преработките од тутун и железото и челикот, најмногу како резултат на порастот на извозот. Од друга страна, во насока на проширување на негативното трговско салдо делуваше намалениот суфицит во размената на облека.

Трговскиот дефицит во јануари 2010 година укажува на можни подобри остварувања во трговската размена за првиот квартал од 2010 година од проектираните. Ваквото потенцијално отстапување, во основа произлегува од пониското остварен увоз. На страната на увозот, поголемо отстапување од проекцијата (25,1% на оствареност) се јавува кај инвестициските стоки и полупроизводи, како и кај нафтата и нафтените деривати и нафтените гасови (во услови на претпоставени повисоки увозни цени од цените остварени во првиот месец од годината). Од друга страна, извозот е во рамки на

проекцијата, со процент на остварување од 29,5%, при забележани помали отстапувања кај извозот на нафта и нафтени деривати и железо и челик и нивни производи.

Графикон 18
Цени на метали (во САД-долари/метрички тони)




*Податоците за март 2010 година се однесуваат на периодот од 1 до 15 од овој месец.
Извор: „Блумберг“.

## 5. МОНЕТАРНИ АГРЕГАТИ[9]

Податоците за крајот на февруари 2010 година укажуваат на позабавен годишен раст на **примарните пари**[10] од 15,4% (наспроти 19,3% во јануари). Ваквите движења претставуваат одраз на позначителното забавување на растот на ликвидните средства на банките (27,9% во февруари, наспроти 37,1% во јануари, при забележано зголемување на готовите пари во оптек за 0,5% на годишна основа. На месечна основа, примарните пари се намалија за 2,8%, во услови на истовремен пад на ликвидните средства на банките и побарувачката на готови пари за 2,9% и 2,6%, соодветно.

Анализирано од аспект на **тековите на креирање и повлекување ликвидност,** главен тек на повлекување ликвидност во февруари беа благајничките записи коишто се зголемија за 3.041 милион денари. Во насока на повлекување ликвидност делуваа и интервенциите на НБРМ на девизниот пазар, коишто за првпат по април 2009 година беа во насока на умерена нето-продажба на девизи. Ефектот на овие два фактора врз месечниот пад на примарните пари беше делумно неутрализиран преку нето-позицијата на државата кај НБРМ, којашто се намали за 1.888 милиони денари, како и преку останатите монетарни инструменти (задолжителен депозит[11] и девизен депозит кај НБРМ).

[9] Анализата на монетарните и кредитните агрегати се заснова на податоците од новата Методологијата за изготвување на стандардни форми на монетарните биланси и прегледи и новиот сметковен план (што стапи во сила од 01.01.2009 година).
[10] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот на ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари). Без девизната задолжителна резерва, примарните пари во февруари 2010 година на годишна основа се повисоки за 14,8%.
[11] Периодот во кој банките имаа обврска да издвојуваат задолжителен депозит кај НБРМ, пропишан во Одлуката и измените и дополнувањата на Одлуката за задолжителен депозит кај НБРМ од 25.12.2008 и 26.02.2009 година, се однесуваше на периодот јануари - декември 2009 година. Од јануари 2010 година, банките немаат обврска да издвојуваат задолжителен депозит кај НБРМ.

Споредбата со крајот на претходната година покажува пад на примарните пари, што во целост се должи на позначителното повлекување ликвидност преку благајничките записи (во износ од 4.955 милиони денари). Во насока на креирање ликвидност делуваа интервенциите на НБРМ на девизниот пазар (нето-откуп на девизи во износ од 961 милион денари) и нето-позицијата на државата кај НБРМ којашто се намали за 3.205 милиони денари.

**Вкупниот депозитен потенцијал на банките (со вклучени депозитни пари)**[12] забележа умерено зголемување на месечна основа од 464 милиони денари или 0,2%. За разлика од претходниот месец, новото штедење на приватниот сектор во февруари беше во целост изразено во денари, во услови на забележан пад кај девизните депозити на месечна основа (од 0,1%). Притоа, стапката на раст на денарските депозити изнесуваше 0,6%. Од аспект на секторската структура, депозитите на претпријатијата и понатаму се намалуваат, но со засилена динамика во однос на претходниот месец (3,6% наспроти 0,5% во јануари). Следствено, месечното зголемување на штедењето во февруари произлегува во целост од растот на депозитите на домаќинствата[13], коишто се зголемија за 1,7%. За разлика од претходниот месец, анализата на валутните склоности на одделните сектори во февруари 2010 година укажува на најголем придонес на денарските депозити (65,5%) во порастот на вкупните депозити на домаќинствата. Притоа, денарските депозити остварија пораст од 3,2% на месечна основа, додека девизните депозити се зголемија за 0,9%. Кај корпоративниот сектор, забележаниот пад на депозитите во поголем дел (56,8%) произлегува од намалувањето на денарските депозити за 3,1%. Месечниот пад на девизните депозити изнесуваше 4,5%.

Графикон 19

Соодност денарски - девизни депозити




Годишни стапки на раст на вкупните депозити ( во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

На годишна основа, вкупниот депозитен потенцијал се зголеми за 8,7% (8,8% во јануари) што се должи на зголеменото девизно штедење (од 18%), во услови на натамошен пад на денарските депозити. Сепак, годишниот пад на денарските депозити во февруари е умерен и изнесува 0,3% (наспроти 1,1% во јануари). Од аспект на секторската структура, продолжи растот на депозитите на домаќинствата, при што во февруари 2010 година годишната стапка изнесуваше 18,1% (17,3% во претходниот месец), додека кај депозитите на корпоративниот сектор (приватни и јавни претпријатија)[14], е забележан

[12] Почнувајќи од јануари 2009 година, депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[13] Се однесува на физичките лица и самостојните вршители на дејност со личен труд.

[14] Депозитите на претпријатијата од приватниот сектор на годишна основа се пониски за 9,1%.

годишен пад од 11,8% (9,5 во јануари). Во рамки на секторот „домаќинства“, и покрај тоа што годишниот раст и понатаму произлегува од растот на девизните депозити ( од 23,7%), позначително зголемување е забележано и кај денарското штедење, коешто порасна за 9% (се до минатомесечниот пораст од 2,7%, во текот на 2009 година, денарските депозити бележеа постојани стапки на пад). Кај корпоративните депозити, посилен пад забележаа денарските депозити од 15,8% (10,8% во јануари), додека кај девизните депозити е карактеристично забавување на темпото на годишен пад (од 7% колку што изнесуваше во јануари, на 3,1% во февруари 2010 година).

Графикон 20

Депозити на домаќинствата (годишна промена, во %) | Депозити на претпријатијата (годишна промена, во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 21

Парична маса М4

Придонес во годишниот пораст (во процентни поени) | Годишни стапки на раст (во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Остварувањата кај вкупните депозити соодветно се одразија врз динамиката на **најшироката парична маса М4**[15]. Притоа, во февруари 2010 година, овој монетарен агрегат се зголеми за 8% на годишна основа. Во однос на проекцијата, остварувањата кај паричната маса се во согласност со движењата проектирани за првиот квартал на 2010 година (годишен монетарен раст од 9,2% на крајот на кварталот).

[15] Анализата се однесува на паричната маса М4 со вклучена пресметана камата.

## 6. КРЕДИТИ НА БАНКИТЕ

Во февруари 2010 година, **вкупните кредити на банките кај приватниот сектор** се зголемија за 910 милиони денари, или за 0,5% на месечна основа. Притоа, кредитната поддршка на корпоративниот сектор од страна на банките продолжи и во текот на февруари 2010 година, кога банките пласираа 1.019 милиони денари во форма на кредити на претпријатијата (наспроти 603 милиони денари во претходниот месец). Ова придонесе за месечен пораст на кредитите на претпријатијата од 1% во февруари. Во периодот декември 2009-февруари 2010 година, на збирна основа, кај корпоративниот сектор беа пласирани околу 1.621 милион денари.

Кредитите распределени кај секторот „население“, во февруари 2010 година беа речиси непроменети во однос на претходниот месец (месечен пад од 0,1%), со што активноста на овој пазарен сегмент од почетокот на годината, во основа мирува. Сепак, намалувањето на цената на задолжувањето на населението од почетокот на февруари[16] е фактор којшто може да придонесе за раздвижување на активноста и на кредитниот пазар за населението. Од аспект на одделни кредитни производи, по минатомесечното намалување на потрошувачките и станбените кредити, во текот на февруари на овој сегмент од кредитниот пазар беа забележани позитивни поместувања. Така, потрошувачките кредити се намалија за 13 милиони денари, наспроти падот од 312 милиони денари во претходниот месец, додека кај станбените кредити е забележан месечен пораст од 1,1%.

Графикон 22
Годишни стапки на раст на кредитите на приватниот сектор според валутната и секторската структура
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Анализирано на годишна основа, во февруари продолжи забавувањето на растот на кредитната активност со посилно темпо во споредба со претходните месеци. Така, во февруари е остварен годишен раст на вкупните кредити од 2,4%, (наспроти 3,5% и 3,1% во декември и јануари). Анализирано од аспект на валутната структура, годишниот раст на вкупните кредити на банките во февруари, речиси во целост беше условен од повисокиот обем пласирани денарски кредити (вклучително и денарски кредити со девизна клаузула), коишто забележаа раст на годишна основа од 2,8% (4,3% во претходниот месец). Кај девизното кредитно портфолио беше забележано зголемување

[16] Од 01.02.2010 година, дел од банките ги намалија каматните стапки на кредитите наменети за населението, главно на станбените, хипотекарните и автомобилските кредити.

на годишна основа од 1,1% (наспроти падот од 0,8% во јануари 2010 година). Во согласност со остварените месечни промени, во февруари годишната стапка на раст на вкупните кредити на домаќинствата се задржа на истото ниво како и во претходниот месец и изнесуваше 0,5% (3,5% во декември). По силниот пораст во јануари, кај кредитите на претпријатијата повторно е забележано забавување на годишните стапки на раст (3,9% во февруари, наспроти 5% во претходниот месец).

Согласно со проекцијата од јануари 2010 година, на крајот на првиот квартал годишната стапка на раст на вкупните кредити на банките кај приватниот сектор е оценета на околу 3%, при што последните трендови укажуваат на можен побавен раст на кредитите од проектираниот.

Графикон 23

Кредити на приватниот сектор
(годишни стапки на раст, во %)




Извори на финансирање
(збирни промени, во милиони денари)*




*Се однесува на збирните промени во однос на крајот на претходната година.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во февруари 2010 година, **нето девизната актива на банките** се намали за 3.579 милиони денари, во однос на крајот на претходната година, во услови на засилено намалување на девизните средства (од 5.270 милиони денари, или за 17,2%) во однос на намалувањето на девизните обврски на банките (за 1.692 милиони денари, или за 5,8%).

## 7. КАМАТНИ СТАПКИ И ДЕВИЗЕН КУРС

На 17.03.2010 година, примарните пари изнесуваа 31.609 милиони денари и во однос на крајот на февруари се пониски за 936 милиони денари, или за 2,9%. Падот кај примарните пари во целост се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките[17] за 7,3%, при пораст на готовите пари во оптек за 2,1%. Во рамки на анализираниот период (01-17.03.2010), денарските депозити на државата кај НБРМ и готовината во благајната на банките делуваа во насока на креирање на ликвидноста, којашто беше повлечена преку останатите автономни фактори и преку аукциите на благајничките записи.

Од почетокот на март се одржаа три аукции на благајнички записи (одржани на 03.03.2010, 10.03.2010 и 17.03.2010 година), при што на тендер со износи и каматна стапка од 7,5%, беше повлечена ликвидност од 2.721 милион денари. Со состојба на 28.02.2010

